КУЛТУРА
БУЛ. СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ 68а
Тел: 111-332; Факс 22 86 08

# Култура

КУЛТУРА
e-mail:ipkultura@unet.com.mk
www.kultura.com.mk

## ПОЛЕМИКИ



Во реакцијата на текстовите објавени во „Утрински весник“, по повод најавите за установување на нов филмски фестивал во Скопје и пренаменување на „Мала станица“ во „Куќа на уметности на здемјите од Југоисточна Европа“, министерката за култура Ганка Самоиловска - Цветанова тврди дека се води хајка против Министерството за култура

# ЈА ЗАЧУВАВМЕ „МАЛА СТАНИЦА“ ЗА КУЛТУРНИ ЦЕЛИ

ГАНКА САМОИЛОВСКА – ЦВЕТАНОВА

На почетокот на оваа година бев запрашана - што ќе биде приоритет на Министерството за култура во 2002 година? ”Кинематографијата, одговорив - како една од најпрофитабилните области во културата”.

Што значи приоритет и како Министерството за култура може да и помогне на македонската кинематографија која, очигледно во последнава деценија, го спиеше својот длабок зимски сон, со исклучок на мал број филмови кои обезбедија странска копродукција и стигнаа на европскиот пазар.

Буџетот што Министерството за култура го одделува за кинематографијата изнесува десет проценти од целокупниот буџет на Министерството (споредбено со земјите од нашиот регион е далеку повеќе од задоволителен) и очигледно не беше доволно да ја застане македонската кинематографија на сопствени и здрави нозе.

По пропаѓањето на единствената државна продуцентска куќа Вардар филм, во Македонија се оформија голем број приватни продуцентски куќи. Но, македонските филмски работници кои мораа да се трансформираат во услови на пазарно работење предизвикано од општествените промени во процесот на транзицијата, не се снајдоа многу успешно во овие нови констелации. Притоа, најчесто го обвинуваа Министерството за култура дека недоволно прави за филмската индустрија. И со право. Средствата од буџетот на Министерството за култура, колку и да беа непристрасно и рационално распределувани, очигледно не беа доволни за заздравување на најпрофитабилната гранка од областа на културата.

Што вистински ѝ беше потребно на македонската кинематографија? Едноставно кажано - СТРАТЕГИЈА.

При преземањето на претседателството со паневропската меѓувладина организација од областа на аудиовизуелните уметности, министерот за култура, воедно и претседател на Аудиовизуел Еурека истакна дека претседавањето со оваа организација ќе го искористи за обезбедување информации, контакти, семинари, работилници, заокружување на релевантната легислатива и за целосна интеграција на македонската кинематографија во европските интеграциони текови, односно прием во најголемиот европски фонд за поддршка на копродукцијата и дистрибуцијата на кинематографски дела - Еуроимаж, сон на секој филмски работник. Многу едноставно, министерот за култура вети дефинирање, прецизирање и воспоставување на стратегија за развој на македонската кинематографија.

Голем број на активностите во рамките на македонското претседателство ги насочивме во Македонија, со цел на македонските филмски работници да им ги направиме што подостапни контактите, информациите, знаењето и луѓето кои нешто значат во светот на европскиот филм. За таа цел оваа година во Македонија ќе се организираат: скрининг, семинар за дигиталните технологии во рамките на фестивалот Браќа Манаки и министерска конференција во Скопје за која ценам дека има една поинаква - односно политичка димензија. На веќе одржаната тркалезна маса за време на Скопскиот филмски фестивал присутен беше безмалку целокупниот извршен борд од престижниот фонд Еуроимаж.

Кон крајот на 2001 година со официјално писмо упатено до генералниот секретар на Советот на Европа, г. Валтер Швимер, во кое го информирав за намерата на Република Македонија да стане членка на Еуроимаж, формално и официјално ја започнавме постапката за нашиот прием.

Сепак за да стане полноправна членка, Македонија треба да ги исполни следниве услови: членарина; пристапување кон Европската конвенција за копродукции во кинематографијата, и изготвување на национален извештај кој треба да се одбрани пред бордот на Еуроимаж.

Како што може да се забележи од досегашните активности на Министерството за култура овие услови сме на добар пат да ги исполниме. Членарината за Еуроимаж, веќе успеавме да ја намалиме, за цели 90% од првично понудената во преговорите 1995-96 година. Понатаму, на 11.04.2002 година имав чест во името на Република Македонија да ја потпишам Европската конвенција за копродукција во кинематографијата донесена во Стразбург 1992 година, со што, како држава, го исполнивме и најзначајниот услов за нашиот прием во Еуроимаж.

Сега ни останува само да се презентира и одбрани националниот извештај за аудиовизуелниот сектор во Македонија кој е веќе готов и во ноември се очекува Република Македонија да го одбрани својот извештај пред бордот на Еуроимаж. Од оваа точка натаму како што веќе неколку пати изјавив, сѐ ќе зависи од знаењето, квалитетот, агилноста, ангажманот и од иницијативата на македонските филмски работници.

Овие успеси на Министерството за култура, во реализирањето

**Кога Унковски тврдеше дека во македонската култура се е партизирано, заборави ли дека токму оваа Влада го ангажираше за изработка на медиумска кампања за трошењето на буџетските пари?**

на целите зацртани во неговата стратегија, поттикнаа одредени медиуми да се обидат да ги минимизираат и релативизираат со тези кои однапред се поставуваат демагошки. Имено, Министерството се обвинува дека го ”затворило киното Центар“, дека поддржувало проекти на студенти и самото продуцирало филмови, дека ќе си правело свој фестивал укинувајќи ги другите два веќе постоечки, дека ја партизирало културата и како круна на сѐ се прави некаков случај од објектот на Железничка бр.18. Јас, верувајќи во македонската независна новинарска мисла, сакам, наместо одговор, само да ги поставам следниве прашања чии одговори јавноста ќе може самата да ги даде:

Дали македонските независни медиуми пропагираат теза дека државата треба да се меша и да презема одговорност и за зделки кои ги склучиле фирми независни од неа? Или ако го поставиме малку поинаку прашањето: дали ако некое големо холивудско студио инвестира во Македонија и ако отвори свое кино, како што е тоа случај во многу европски земји, дали државата (само заради квалитетот на коноопремата?!) треба да гарантира за плаќањето на киријата или за другите обврски што тоа студио би ги презело?

Дали можеби Градски кина го прашале за мислење Министерството кога ги склучувале договорите за закупнина при изнајмување или издавање на просторот?

Дали Министерството треба да има увид во работата на Градски кина, односно во нивните приходи и расходи?

И на крајот на краиштата, дали можеби сметаат медиумите дека ако се отвори конкурентско кино тоа би било лошо за целокупниот амбиент во киноприкажувањето во Македонија?

Дали можеби Министерството за култура треба да се обвини и да му се префрла дека е продуцент (што е ноторна невистина) само затоа што во целост веруваше во младите автори и поддржа проект, кој беше апсолутен победник на Фестивалот во Висбаден? Дали можеби тоа е продукцискиот потпис за кој се обвинува Министерството за култура?

Дали медиумите заборавија дека единствениот филм во продукција на Министерството за култура е филмот за состојбите во културата снимен од г. Слободан Унковски?

Дали можеби лобирањето за конечен прием на Филмскиот фестивал Браќа Манаки во Европската федерација на филмски фестивали, или можеби отварањето на Скопскиот фистивал од моја страна значи дека Министерството се обидува да ги згасне овие два фестивала?

Од каде идејата дека со воспоставувањето на еден нов европски фестивал Министерството ќе се јави како организатор на истиот и дали Министерството е организатор на Скопскиот и Битолскиот фестивал, само затоа што скоро во целост ги поддржува?

Дали и идејата за членство во Еуроимаж не беше кула во облаци пред само неколку години?

И тука неизбежно морам да поставам прашање за хајката кон Министерството за култура во врска со последниот ”случај“ со “Мала станица“. Дека историјата навистина се повторува како фарса, зборови на еден уредник на културна редакција во дневен весник, потврдува повторно случајот “Мала станица“. Зошто независните медиуми не покренаа иницијатива во 2000 година кога е констатирано дека не се почитува договорот според кој е издаден на користење објектот на ул. Железничка бр. 18 и е заклучено дека тој треба да се даде на лицитација за изнајмување на некоја фирма. Она што го направи Министерството за култура за овој објект беше всушност борба за негово зачувување за културни цели. Зошто сега, кога е овој објект дефинитивно зачуван за културата и кога успеавме да го наметнеме на УНЕСКО и да го искористиме за неформално промовирање на Република Македонија во културна престолнина на земјите од Југоисточна Европа, се прави хајка? Дали можеби овој успех на Министерството е вистинската причина за хајката или сето тоа има ”некако сосема случајно“ врска со претстојните избори?

Дали кога се инсистира на приватизација во културата се мисли на моделот што го промовираше г. Унковски во времето на неговото владение: министерот да си префрла буџетски пари за проекти на неговиот приватен културен центар (претстави, патувања во странство, па дури и средства за материјални трошоци, вода, струја и сл.). Колку што ми е познато овој модел не се нарекува приватизација во културата туку општествен грабеж.

Дали г. Унковски тврдеше дека во македонската култура сѐ е партизирано заборави дека токму оваа Влада го ангажираше за изработка на медиумска кампања за трошењето на буџетските пари?

И на крајот во врска со обвинувањата за наводна партизација на Министерството за култура. Дали можеби почитуваниот г. Унковски кога зборуваше за партизација на културата мислеше тука на господата Љубомир Чадиковски, Мирко Стефановски, Благоја Стефановски, Сенко Велинов, и дали можеби неговата забелешка дека сите мораат да ја фалат министерката за култура за да направат проект имплицираше нивна неавтономност како личности?

И дали, ако г. Унковски не бил фален од директорите на културните институции кога тој бил министер за култура имплицира негова демократичност или можеби...?

---

### Соопштение на Министерството за култура

## Отворање на „Мала станица“ за сите заинтересирани

Денеска од 12 до 15 часот заинтересираните граѓани и медиуми ќе можат да видат во каква состојба се наоѓа објектот познат како “Мала станица“. Имено, Министерството за култура поради интересот предизвикан во јавноста со објавувањето на информацијата дека овој објект ќе се претвори во “Куќа на уметностите на земјите од Југоисточна Европа“ ќе го отвори објектот во текот на три часа “за да можат заинтересираните да ја регистрираат актуелната состојба во која се наоѓа културниот центар “Мала станица“.




